ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 32 став 4 точка 8 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10.03.2009 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

„Во Програмата за организирање и унапредување на крводарителство во Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.3/09), во Делот 4, Глава 4.5 - ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ, алинејата 3 се брише.

Во Делот 6, Глава 6.2 под В. Јубилејни признанија и мотивациони средства, во точката 9 износот „2.500.000“, се заменува со износот: “925.000,00“.

На крајот на табелата, редот вкупно (Б) износот “3.043.000“ се заменува со износот “1.468.000,00“.

Во Делот 7 - АКТИВНОСТИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА Глава 7.1, на крајот од табелата, износот во ставот 1 - “10.500.000,00“, се заменува со износот “8.925.000,00“.

Во Делот 8 - ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА, во ставовите 1 и 2 износот “30.000.000,00“ се заменува со износот: “25.500.000,00“.

Во точка 9 - СРЕДСТВА ЗА НАДОМЕСТОК НА ПАРТИЦИПАЦИЈА, ставот 1 се менува и гласи:

„Средствата за надоместок за партиципација при користење на здравствените услуги на дарителите со над 10 крводарувања се трансферираат до јавните здравствени установи во износ од 16.575.000,00 денари, по доставување на фактури за делот на партиципацијата за извршените здравствени услуги на крводарителите со над 10 крводарувања“.

Ставот 2 се брише.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-1015/1
10 март 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р Зоран Ставревски, с.р.